РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 1204-474/3
28.11.2016 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на член 61 став 5 и член 69 став 1 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016), и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" број 147/08, 45/11), Општина Свети Николе го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за изработка на Извештај за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина на

Генерален урбанистички план на град Свети Николе, Општина Свети Николе,

плански период 2015-2025 год.

Податоци и информации:

**1. Назив на органот:** Општина Свети Николе Адреса: ул.„Плоштад Илинден" бр.12 Свети Николе

**2. Назив на планскиот документ:** Генерален урбанистички план за град Свети Николе, Општина Свети Николе.

**Краток опис на документот:** Од страна на Општина Свети Николе започната е постапка за донесување на Генерален урбанистички план за град Свети Николе, Општина Свети Николе . Се работи за плански опфат со површина од 727.31 ha која ја зафаќа границата на планскиот опфат, со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зелнило, спорт, рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктура. Целта на донесување на планскиот документ е да се обезбеди рационално користење на градежното земјиште и да се овозможат услови за ревитализација на населеното место.

**3. Назив и број на Одлука:** Известување со кое нашата Одлука за спроведување на стратегиска оцена со бр. 15-6626/2 од 24.11.2016 се прифаќа од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**4. Засегнати органи:** Министерство за животна средина и просторно планирање, Градоначалник на Општина Свети Николе.

**Редослед на активностите во постапката за донесување на планскиот документ:** Генералниот урбанистички план на град Свети Николе, Општина Свети Николе се донесува со Одлука од страна на Советот на Општина Свети Николе

**5. Засегната јавност:** Граѓаните во градот Свети Николе

**6. Начин на вклучување на засегнатата јавност:** Сите информации во врска со Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за Генерален урбанистички план за град Свети Николе, Општина Свети Николе ќе бидат достапни во:

- Едношалтерски центар на Општина Свети Николе, секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот. Граѓаните на посебен формулар може да ги дадат своите забелешки во однос на Извештајот; -на www.svetinikole.gov.mk

Јавната расправа ќе се одржи на 21.12.2016г. (среда) во големата сала на Општина Свети Николе, со почеток во 12:00 часот.

**7. Дополнителни информации поврзани со изработката на документот:**

Генералниот урбанистички план за град Свети Николе, Оптина Свети Николе се донесува за плански опфат со површина од 727.31 ha. Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот план е опфатена со ГУП на град Свети Николе.

Планскиот документ со новодефинираните површини, како и со потврдување на постојната инфраструктура ќе има одредени влијанија врз животната средина, од причини што планскиот документ се однесува за плански опфат кој претставува граница на градот. Влијанијата врз животната средина се очекуваат во фаза на спроведување на планот при градба на објектите и нивна употреба кои ќе се решат со засебни документи за влијание врз животната средина - студии за оцена на влијанието на проектите врз животната средина и елаборати за заштита на животната средина.Ако се има во предвид дека планираниот опфат е со намена лесна и незагадувачка индустрија, се очекува перспективно да се развијат дејности кои немаат кумулативно влијание врз животната средина.Новото планско решение ќе има позитивен, долготраен ефект заради зголемување на инвестициите во општината и отворање на нови работни места.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште

Помошник раководител на Сектор,
Бранко Стојановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ГРАДОНАЧАЛНИК